Арх.бр. УП1-15 2211/2023
Дата....................... 19 -10- 2023

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски, се издаваат Услови за планирање на просторот за површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 4279/1, КП 4280 и КП 4283, КО Кукуречани, Општина Битола.

Површината на планскиот опфат изнесува 2,29 ha. Планираната моќност на површинските соларни и фотоволтаични електрани е над 1 MW.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. **Y48823** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 4279/1, КП 4280 и КП 4283, КО Кукуречани, Општина Битола, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. **Планскиот опфат зафаќа земјоделско земјиште – нива од 3-та и 4-та бонитетна класа.**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 4279/1, КП 4280 и КП 4283, КО Кукуречани, Општина Битола потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на Р.М" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и "Сл. весник на РСМ" 89/22 и 171/22 ) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Согласно податоците од Експертниот елабрат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија, на подрачјето на катастарската општина Кукуречани, има евидентирани недвижен споменици на културата и археолошки локалитет.

Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на орхеолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културно наследство "Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18, 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство.

7. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 4279/1, КП 4280 и КП 4283, КО Кукуречани, Општина Битола, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42 став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), со постапка бр. 55682 од 21.09.2023 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 4279/1, КП 4280 и КП 4283, КО Кукуречани, Општина Битола. Површината на планскиот опфат изнесува 2,29 ha. Планираната моќност на површинските соларни и фотоволтаични електрани е над 1 MW.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 4279/1, КП 4280 и КП 4283, КО Кукуречани, Општина Битола ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 2211/2023 од 12.10.2023 година.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка (“Сл. весник на РМ” бр. 124/15 и “Сл. весник на РСМ” бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение за на Услови за планирање на просторот за површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 4279/1, КП 4280 и КП 4283, КО Кукуречани, Општина Битола и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Република Северна Македонија • МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ • Скопје • MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR • Shkup • Republika e Maqedonisë së Veriut

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Исмаил Шехаби

Одобрил: Соња Фурнаџиска



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk